# З А П И С Н И К
## Од Четириесет и третата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 12.05.2026 година, во 10:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Четириесет и третата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Маја Седрак и Лазо Трпков.***

Четириесет и третата седница на Програмскиот совет започна во 10:13 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесет и третата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 42-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување на програмските и развојните приоритети, планираните активности и насоките за работа на ЈРП МРТ во рамки на мандатниот период на Директорот на ЈРП МРТ, Зоран Ристоски**
3. **Барање од Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници ССНМ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 42-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и втората седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување на програмските и развојните приоритети, планираните активности и насоките за работа на ЈРП МРТ во рамки на мандатниот период на Директорот на ЈРП МРТ, Зоран Ристоски**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја отвори втората точка од дневниот ред – Разгледување на програмските и развојните приоритети, планираните активности и насоките за работа на ЈРП МРТ во рамки на мандатниот период на Директорот на ЈРП МРТ, г-дин Зоран Ристоски.

На самиот почеток, Претседателот Давор Пашоски уште еднаш, во име на Програмскиот совет, му честиташе на директорот Зоран Ристоски за изборот на оваа значајна и одговорна функција, со искрени желби за успешен, стабилен и продуктивен мандат, во интерес на Македонската радио-телевизија, вработените и јавноста.

Воедно Пашоски истакна дека особено е важно МРТ да продолжи да се развива како модерен, независен, кредибилен и одржлив јавен сервис – со јасна визија, стабилна финансиска рамка и континуирано вложување во технолошка модернизација, дигитална трансформација, продукциски капацитети и човечки ресурси.

Во таа насока, тој смета дека сите ќе се согласат дека во претстојниот период потребно е посебно внимание да се посвети на главните стратешки приоритети кои се во фокусот на Програмскиот совет, како во рамки на годишните програми за работа, така и во процесот на подготовка на новата петгодишна стратегија за развој на МРТ за периодот 2026–2030 година.

Пред сѐ, неопходно е да се интензивира процесот на технолошка модернизација и приближување на МРТ кон младата публика преку современи, динамични и дигитално прилагодени содржини и платформи, во согласност со новите насоки и стратегии на ЕБУ.

Паралелно со тоа, дигиталната трансформација мора да биде еден од клучните столбови на развојот, преку изградба на модерен, функционален и повеќејазичен веб-портал, зајакнато присуство на социјалните медиуми, како и формирање и развој на посебна дигитална редакција која ќе овозможи современ пристап до програмските содржини.

Подеднакво важно е обезбедувањето долгорочна финансиска стабилност на МРТ, преку јасен и реален план за капитални инвестиции, кој ќе опфати обнова на техничката опрема, продукциската инфраструктура, студиските и теренските капацитети, како и возниот парк, но и континуирано подобрување на условите за работа и професионално функционирање на вработените во МРТ.

Во таа насока, Претседателот смета дека е неопходно да се пристапи и кон подготовка на јасен акциски и инвестициски план, кој ќе биде комплементарен со новата петгодишна стратегија за развој на МРТ за периодот 2026–2030 година. Истата треба да биде подготвена низ транспарентен и инклузивен процес, да биде предмет на јавна расправа и стручна дебата и поддршка од ЕБУ.

Истовремено, смета дека е потребно да се спроведе и нова функционална анализа и систематизација, со цел создавање поефикасна, функционална и современа организациска поставеност, која ќе одговара на реалните потреби и идниот развој на јавниот сервис.
Воедно, е потребно да продолжат и законските реформи, преку подготовка на посебен Закон за МРТ, кој ќе овозможи дополнително јакнење на функционалната независност, финансиската и институционална автономија на јавниот сервис.
Особено значајно е и унапредувањето на дописничката мрежа, преку зајакнување на техничките и кадровските капацитети на регионално ниво, со цел подобра програмска покриеност, поголема присутност на локалните теми и онаму каде што е потребно регулирање на работниот статус на ангажираните кадри.
Истовремено, неопходно е континуирано унапредување на професионалните и етичките стандарди, преку проактивна улога на етичките механизми, унапредување на постојниот кодекс и јакнење на професионалната одговорност и кредибилитетот на јавниот сервис.
Дополнително, потребно е да се работи и на подобрување на статусот на новинарите, уредниците и останатиот програмски и технички кадар, преку јасни и ефикасни процедури, поголема ефикасност во работењето и создавање услови за професионален развој и мотивација.
Претседателот на Советот истакна дека од особено значење е и понатамошното зајакнување на човечките капацитети во МРТ, бидејќи токму квалитетниот и професионален кадар претставува основа за создавање современа, конкурентна и атрактивна програмска понуда.
Во таа насока, потребно е континуирано зголемување и зајакнување на сопствената продукција на МРТ, преку развој на автентични и препознатливи сопствени програмски производи, но истовремено и одржување и унапредување на соработката со квалитетни и професионални надворешни продукции, со цел обезбедување плурализам на мислата, разновидност на програмските содржини и високи професионални стандарди.
МРТ мора да продолжи да развива програма за сите категории граѓани и за сите возрасни и општествени групи, преку современи, атрактивни и квалитетни содржини, со посебен акцент на информативната, културната, образовната и младинската програма, но и на забавните, филмските и спортските содржини, со јасна и препознатлива програмска шема, професионален продукциски пристап и градење препознатливи медиумски лица и формати.
Истовремено, неопходно е дополнително да се зајакне меѓународната соработка и програмската размена, особено во рамки на активностите со ЕБУ и другите меѓународни медиумски организации и партнери.

Воедно, беше истакнато уверување дека Програмскиот совет, заедно со менаџментот на МРТ, уредниците и сите вработени, ќе даде личен и заеднички придонес во градењето на современ, кредибилен и професионален јавен сервис, кој континуирано ќе се развива преку транспарентен, инклузивен и одговорен процес, со активно вклучување на стручната и пошироката јавност.

Во таа насока, Претседателот смета дека е важно да се разгледа и можноста за дополнително зајакнување на административните, техничките и стручните капацитети во рамки на МРТ, вклучително и на службите за поддршка на Програмскиот совет, со цел обезбедување поефикасно, покоординирано и поквалитетно функционирање на институцијата во целина, како и поуспешно остварување на програмските и развојните цели на јавниот сервис.

На крајот, Претседателот Давор Пашоски уште еднаш му посака успешна работа на директорот Ристоски и изрази уверување дека денешната дискусија ќе претставува значаен чекор кон дефинирање на јасни, реални и одржливи насоки за идниот развој на Македонската радио-телевизија.

Воедно, Претседателот смета дека најголем дел од овие приоритети, насоки и определби се веќе соодветно отсликани и содржани и во самата програма за работа и развој на директорот Ристоски во рамки на постапката за избор на директор на МРТ, што претставува дополнителна основа за заедничко и координирано делување во претстојниот период.

Во таа насока, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го покани директорот Зоран Ристоски да се обрати пред членовите на Програмскиот совет и да ги презентира програмските и развојните приоритети, досегашните активности, како и планираните насоки за работа во претстојниот период.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, истакна дека во периодот што следува ќе продолжи процесот на подетално запознавање и координација со вработените, раководните структури и членовите на Програмскиот совет, со цел заедничко утврдување на приоритетите и насоките за понатамошен развој на јавниот сервис.
Во своето обраќање, тој нагласи дека неговата определба е насочена кон институционално и програмско унапредување на Македонската радио-телевизија, како и кон постепено јакнење на капацитетите и улогата на јавниот сервис во согласност со современите професионални и европски стандарди. Во таа насока, истакна дека поддршката и соработката со Програмскиот совет ќе имаат значајна улога во реализацијата на планираните активности и реформи.
Како еден од приоритетите, директорот ја посочи потребата од подобрување на условите за работа и создавање пософодветна работна средина за вработените, имајќи ги предвид различните професионални и организациски предизвици со кои се соочува институцијата. Воедно, нагласи дека ќе се посвети внимание и на унапредување на меѓучовечките односи и професионалната комуникација во рамки на МРТ, со цел јакнење на институционалната кохезија и работната атмосфера.
Директорот Ристоски посочи дека во изминатиот период остварил повеќе средби и разговори со дел од вработените, при што, како што наведе, кај значителен дел од нив

препознал професионален потенцијал, мотивираност и подготвеност за активно вклучување во процесите на развој и модернизација на јавниот сервис.
Во своето излагање, директорот се осврна и на потребата од кадровско и генерациско обновување, преку создавање услови за вклучување на млади професионалци и нови креативни кадри во програмските и продукциските процеси на МРТ.
Воедно, директорот посочи дека еден од клучните приоритети во претстојниот период ќе биде финансиската стабилизација и постепената консолидација на МРТ, преку одговорно и рационално управување со расположливите ресурси, намалување на одредени финансиски обврски и создавање предуслови за поодржливо функционирање на јавниот сервис. Во таа насока, тој посочи дека ќе се изврши анализа и преиспитување на постојните договорни и финансиски обврски, со цел поефикасно и порационално користење на средствата и нивно насочување кон програмскиот развој, продукцијата и потребите на институцијата. Притоа, тој истакна дека доколку при анализите се утврди дека одредени договорни односи се неповолни за јавниот сервис, односно не обезбедуваат соодветна заштита на интересите на МРТ, ќе бидат разгледани можностите за нивно соодветно преиспитување, изменување или раскинување согласно законските процедури. Во таа насока, тој истакна дека целта е средствата во поголем обем да се насочуваат кон програмскиот развој, продукцијата и потребите на институцијата. Дополнително, тој посочи дека во наредниот период ќе се работи на унапредување на координацијата и соработката помеѓу програмските сервиси, со цел поефикасно искористување на расположливите капацитети, развој на домашната продукција и креирање поквалитетни и поконкурентни програмски содржини.
Директорот Ристоски нагласи дека сите идни активности и програмски определби ќе бидат предмет на јавна и професионална оценка од страна на гледачите и јавноста, при што истакна дека јавниот сервис треба континуирано да работи на унапредување на довербата, квалитетот и својата општествена улога.
На крајот од своето излагање, директорот ја потенцираше важноста од заедничка соработка и поддршка од вработените, менаџментот и Програмскиот совет, со цел реализација на развојните приоритети и понатамошно институционално јакнење на Македонската радио-телевизија.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ по излагањето на директорот, ги покани членовите на Програмскиот совет да земат збор и да ги изнесат своите согледувања, мислења, предлози и препораки во однос на презентираните приоритети и насоки за работа на МРТ во претстојниот период.

Томислав Кежаровски зема збор и посочи дека, според неговите информации, Државниот завод за ревизија нема спроведено ревизија во МРТ од 2021 година. Воедно, тој се осврна и на одредени договорни обврски на МРТ, при што истакна дека дел од договорите се со

значителна финансиска вредност и, според неговата оценка, претставуваат дополнително оптоварување за буџетот и финансиското работење на институцијата.

На ова се надоврза Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, кој појасни дека согласно законските обврски, МРТ на годишно ниво подлежи на редовна ревизија од страна на независна ревизорска куќа, додека Државниот завод за ревизија спроведува ревизии согласно сопствениот годишен план, проценка и утврдена динамика за постапување во институциите.

Во одговор на дискусијата, директорот на МРТ, Зоран Ристоски, информираше дека веќе е доставено барање до Државниот завод за ревизија за спроведување ревизија на работењето на МРТ за периодот од 2022 до 2026 година. Воедно, тој истакна дека во наредниот период ќе се изврши анализа и преиспитување на постојните договорни обврски, со цел утврдување на нивната оправданост, финансиска одржливост и усогласеност со интересите и потребите на јавниот сервис.

Следен збор зема Беким Лачи, кој истакна дека очекува и посакува Македонската радио-телевизија повторно да го достигне нивото и значењето што го имала во минатото како национален јавен сервис. Во своето обраќање, тој се осврна и на посетата и обиколката што членовите на Програмскиот совет ја реализирале во просториите на МРТ, при што, како што посочи, дел од вработените укажале на предизвиците и условите во кои ја извршуваат својата работа.
Лачи нагласи дека, покрај финансискиот аспект, значајно влијание врз професионалниот ангажман и задржувањето на кадарот имаат и условите за работа, организацијата и можностите за професионален развој. Воедно, тој посочи дека во рамки на МРТ постојат и хонорарни соработници кои активно придонесуваат во реализацијата на програмските содржини и процеси.

Во одговор на дискусијата, директорот на МРТ, Зоран Ристоски, истакна дека во досегашната комуникација со вработените препознал значителна проактивност, професионален потенцијал и подготвеност за работа кај дел од вработените, вклучително и кај вработени кои се пред пензија, како и кај лица кои, според него, во изминатиот период немале доволно можности за професионален ангажман и придонес во рамки на јавниот сервис.

Потоа збор зема Маја Седрак, која истакна дека е задоволна од програмските и развојните определби и насоки презентирани во програмата за работа за наредниот период, оценувајќи дека истата содржи повеќе значајни сегменти и приоритети за понатамошен развој на јавниот сервис. Во таа насока, таа изрази очекување дека планираните активности и проекти ќе бидат успешно реализирани.

Во одговор на дискусијата, директорот на МРТ, Зоран Ристоски, информираше дека веќе се преземени активности за реализација на нови содржини и проекти од областа на детската и образовната програма, при што посочи дека е објавен оглас за детска радиодрама, а во подготовка се и активности поврзани со детски хор, детска Евровизија и избор на автор за музички содржини. Притоа, тој нагласи дека определбата е сите процеси и постапки да се реализираат транспарентно и во согласност со јавниот интерес.
Директорот Ристоски истакна и дека една од целите е повторно да се зајакне улогата на МРТ како простор за развој на детската, образовната и културната програма, преку создавање услови за поголема вклученост на младите генерации и семејствата во активностите и содржините на јавниот сервис. Воедно, тој информираше дека е разгледувана и можноста за формирање музејска и изложбена поставка за дел од архивските и техничките реквизити со кои располага МРТ.

Повторно збор зема Маја Седрак, која се осврна на значењето на културната и едукативната програма во медиумскиот простор, нагласувајќи дека е потребно значително поголемо внимание и простор да се посвети на содржини од областа на културата, уметноста и националното културно наследство. Таа истакна дека дигитализацијата и заштитата на архивскиот и културниот материјал претставуваат едни од најзначајните предизвици во наредниот период, имајќи ја предвид важноста на архивата како дел од историското и културното наследство на државата.
Во таа насока, Седрак апелираше сериозно да се пристапи кон процесот на дигитализација на архивата на МРТ, а воедно предложи и разгледување на можности за реализација на детски и образовни серии во соработка со релевантни институции од областа на филмот и културата.

Во продолжение, директорот на МРТ, Зоран Ристоски, истакна дека еден од клучните сегменти во рамки на планираната ОТТ платформа е токму дигитализацијата и заштитата на архивскиот материјал на МРТ, при што нагласи дека овие активности се предвидени како дел од идните развојни и технолошки процеси на јавниот сервис.

На ова се надоврза Миле Грозданоски, кој истакна дека процесот на дигитализација на архивскиот материјал во МРТ е започнат во ограничен обем, но, според него, најголемиот дел од досегашните активности биле реализирани поединечно и со личен ангажман, наместо преку системски и институционален пристап на МРТ. Во таа насока, тој нагласи дека е потребно процесот на дигитализација да добие посериозна институционална поддршка и стратешки пристап, имајќи го предвид значењето на архивскиот материјал како дел од културното и медиумското наследство.

Следна збор зема Билјана Бабиќ, која истакна дека МРТ располага со квалитетен и професионален новинарски кадар, одлични новинари и репортери но, според неа, постојниот потенцијал и капацитет на дел од новинарите и вработените не е доволно искористен во рамки на програмските и продукциските процеси на јавниот сервис. Таа изрази надеж дека ќе се даде шанса на кадарот кој го поседува МРТ да ја искаже својата креативност и професионалност. Истовремено посочи дека верува дека реториката која ја слушаше досега Програмскиот совет дека вработените не сакаат да работат и немаат капацитет нема повеќе да се слуша и дека со постоечкиот кадар ќе се оди на поголема продукција на содржини направени од вработените во МРТ. Бабиќ додаде дека во разговор со поранешниот спикер на МТВ, Александар Деловски, тој истакнал подготвеност да помогне на МРТ за обука на спикери и водители, кои порано беа препознатлив белег на екраните на МТВ.

Во одговор на дискусијата, директорот на МРТ, Зоран Ристоски, посочи дека МРТ располага со искусен и професионален кадар, но нагласи дека во наредниот период ќе биде потребно и постепено кадровско обновување, преку вклучување на нови и млади новинари и медиумски професионалци. Притоа, тој укажа и на предизвикот со намалениот интерес за студирање на новинарство, нагласувајќи дека на јавниот сервис му е потребна нова генерација новинари која ќе придонесе кон понатамошен развој, модернизација и професионално јакнење на медиумот.

Понатаму збор зема Ивана Ефремовски која рече дека како член на Програмскиот совет на МРТ и како лице задолжено за односи со јавност, чувствува обврска да информира за дел од пораките, реакциите и очекувањата кои секојдневно ги добиваат од граѓаните.
Во таа смисла, таа истакна дека Програмскиот совет останува цврсто посветен на принципот на транспарентност и смета дека гласот на јавноста треба да биде слушнат и земен предвид при носењето одлуки. МРТ е јавен сервис на сите граѓани, а заштитата на јавниот интерес е нивна обврска.
При самото преземање на функцијата, овој состав на Програмскиот совет се отвори кон јавноста, со интерес да ги дознае мислењата, предлозите, но и критиката од страна на македонските граѓани.
Таа истакна дека во изминатиот период, најголем дел од пораките кои пристигнуваат, како од граѓани во Македонија, така и од бројната дијаспора, се однесуваат на барањето Македонија повторно да учествува на Евровизија. Голем број луѓе сметаат дека тоа не е само музички настан, туку моќност за меѓународна културна промоција, афирмација на младите музичари и чувство на поврзаност со Европа.
Голем број луѓе сметаат дека тоа не е само музички настан, туку можност за меѓународна културна промоција, афирмација на младите музичари и чувство на поврзаност со Европа.

Освен лични ставови на оваа тема, до Советот пристигнаа и цели петиции со барањето Македонија повторно да биде дел од ова европско музичко натпреварување, предлози за идни претставници, па дури и целосни планови за тоа каков настап е потребен.
Исто така, Ефремовски информираше дека Советот добива и бројни предлози од гледачи кои бараат на програмата на МРТ да има теленовели, особено шпански и аргентински серии. И кои велат дека тоа се содржини кои со години имале верна публика и остават препознатлив белег кај домашните гледачи.
Програмскиот совет на МРТ добивал и цели листи на предлози за тоа кои серии од ваков вид ги бараат гледачите.
Како што веќе претходно истакнал Советот за време на дебатите на оваа тема, она за што се залага Програмскиот совет на МРТ е поддршка на домашна продукција и квалитетна програма во интерес на целата јавност.
Дел од гледачите до нив испраќаат и предлози за унапредување на програмската шема на МРТ. Сметаат дека јавниот сервис има потенцијал да се развива по примерот на веќе етаблирани регионални јавни радиодифузни сервиси, чии програмски концепти успешно комбинираат информативна, образовна, документарна и забавна содржина за различни генерации публика.
Таа наведе дека ова не го истакнува како личен став, туку како обврска да се пренесе расположението на јавноста. Таа верува дека е важно раководството да биде запознаено со интересите и очекувањата на граѓаните кои го имаат контактирано Програмскиот совет, за заеднички да се размислува во насока на програма која ќе биде современа, квалитетна и пред се блиска до публиката.
Воедно, таа потенцираше дека како Програмски совет ќе продолжат сериозно и одговорно да го разгледуваат секое барање, предлог и реакција од граѓаните, затоа што заштитата на јавниот интерес е нивна обврска.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, во одговор на дискусијата истакна дека една од клучните активности во претстојниот период ќе биде воспоставување појасна, поконзистентна и долгорочно одржлива програмска структура и програмски концепт на јавниот сервис, со цел унапредување на организацијата и препознатливоста на програмските содржини на МРТ.
Воедно, тој посочи дека во рамки на идните програмски и развојни активности се разгледуваат можности и за повторно учество на МРТ на Евровизија, при што изрази очекување дека јавниот сервис повторно би можел да има свој претставник на ова европско музичко натпреварување во 2027 година.

Ивана Ефремовски рече дека како новинар секој ден се среќава на терен со новинари и истакна дека нејзин личен впечаток е дека меѓу новинари од други медиуми и редакции МРТ е најпосакувано работно место, додека пак наспроти тоа од новинарите вработени во МРТ

слуша за неколку проблеми на чие решавање е посветен Програмскиот совет. . Таа посочи дека во МРТ има кадар кој може да постигне многу, искусни и вредни луѓе. Потенцираше на важноста од носење на нова систематизација бидејќи во МРТ има новинари кои работат и по 20 години, но поради образованието не можат да бидат унапредени. Дополнително, побара да се најде решение за долгогодишните хонорарци во МРТ кои секојдневно ги гледаме во информативните изданија и на настани, сведоци сме на нивната работа и дека тие луѓе заслужуваат да бидат вработени со решение. Според нејзе тој што е работник треба да се награди. Неколку пати сме имале дискусија на тема кој треба да биде казнет, па таа побара да зборуваме повеќе за тоа кој треба да биде награден, истакнат како вреден работник и со тоа да биде пример за останатите. Воедно таа ја поздрави идејата МРТ повторно да стане Академија за новинари. Посочи на големата важност да се врати времето кога МРТ обучуваше новинари оценувајќи дека студиите по новинарство денес се завршуваат без ниту еден напишан новинарски текст или прочитан прилог, вежби за дикција и говор. Сето тоа вели дека е потребно за издигнување на МРТ на високо ниво, но и за новинарството во Македонија, во целина.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, во одговор на дискусијата истакна дека МРТ во изминатиот период останала без дел од искусните и професионални кадри, пред сѐ поради пензионирање и други кадровски промени, што дополнително ја наметнува потребата од системски пристап кон создавање и развој на нови генерации медиумски професионалци.

Понатаму збор зема Лазо Трпков, кој истакна дека значителен дел од кадарот кој денес работи во приватните медиуми своето професионално искуство и развој го започнал токму во МРТ. Во таа насока, тој го постави прашањето на кој начин јавниот сервис планира да создаде услови за задржување и мотивирање на новите кадри и млади професионалци.
Воедно, Трпков се осврна и на делот на културните и музичките проекти и фестивали предвидени во програмските насоки, при што побара дополнителни појаснувања во однос на тоа на кој начин и преку кои механизми се предвидува обновување и повторна реализација на одредени фестивалски и музички манифестации во организација на МРТ, како и како ќе се обезбедат финансиски средства и одржлив модел за нивна реализација.

Во одговор на дискусијата, директорот на МРТ, Зоран Ристоски, истакна дека во наредниот период ќе се пристапи кон анализа и преиспитување на одредени постојни договорни обврски, со цел намалување на трошоците и поефикасно користење на финансиските средства на МРТ. Притоа, тој посочи дека определбата е преку рационално и одржливо управување со ресурсите да се создаде простор за реализација на програмски, културни и развојни проекти од значење за јавниот сервис.

Следен зема збор Миле Грозданоски кој рече дека тоа што нема нови вработувања е проблем и поради тоа во МРТ доминира повозрасен кадар.

На крајот од дискусијата, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, му се заблагодари на Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, за презентацијата и изнесените програмски и развојни определби. Воедно, тој истакна дека определбите и насоките презентирани од страна на директорот претставуваат значаен поттик за понатамошен развој и унапредување на јавниот сервис, при што нагласи дека Програмскиот совет ќе продолжи конструктивно и одговорно да ги поддржува процесите кои се во интерес на институционалното јакнење и развојот на МРТ.

**Точка 3. Барање од Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници ССНМ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од дневниот ред – Разгледување на барање доставено од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници – ССНМ.
До Програмскиот совет е доставено барање, реакција од ССНМ, во кое се укажува на одредени прашања поврзани со постапката за измена на Колективниот договор на МРТ, како и на прашања поврзани со учеството на репрезентативните синдикати во процесот на преговарање и потпишување на колективни договори.
Тој истакна дека е потребно ова прашање да биде разгледано од страна на надлежните служби со цел да се изврши соодветна анализа на целокупната документација, досегашното постапување, релевантната пракса и важечките законски и колективни прописи.
Воедно Пашоски додаде дека потребно е врз основа на соодветни анализи и правни мислења да се изнајде законито, одржливо и институционално соодветно решение, како и да се утврдат јасни насоки и начин на постапување за идни случаи од ваков карактер.
При тоа, потребно е да се има предвид и фактот дека репрезентативноста на ССНМ како репрезентативен синдикат во МРТ е претходно признаена согласно важечките законски прописи.
Во таа насока, Претседателот на Програмскиот совет предложи Советот да донесе Заклучок со кој ќе се задолжи Директорот на МРТ да ги задолжи надлежните служби да извршат соодветна анализа по однос на наводите содржани во Барањето од ССНМ од 08.05.2026 година, при што да се земат предвид релевантната документација, досегашното постапување, претходната пракса и важечките законски и колективни прописи. Воедно, врз основа на добиените анализи и правни мислења да се предложи соодветно, законито и одржливо решение, како и да се утврдат насоки и начин на постапување за идни случаи од ваков карактер.
Бидејќи немаше дополнителни забелешки и предлози, Претседателот на Програмскиот совет го стави предложениот Заклучок на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

На крај Претседателот Давор Пашоски информираше дека до МРТ е доставено и известување од ССНМ, со кое се известува за избор на синдикални претставници на синдикалната група

на ССНМ во МРТ, и тоа: Елизабета Кузмановска, Наталија Зафировска и Билјана Тодоровиќ Георгиевска.

Со оглед дека дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 43-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството, со што ја затвори четириесет и третата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:05 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-2693/3
12.05.2026г.

_________________________

Давор Пашоски